

ИЗДАНИЕ БР.6, МЕСЕЦ ОКТОМВРИ 2018

# КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР



Почитувани граѓани,

Изминаа 11 месеци откако ја извршувам функцијата Градоначалник на Општина Кавадарци. Заедно со службите веќе го подготвуваме отчетот за една година работење во Ваша служба.

Кавадарци полека се движи кон нагорна линија во однос на економијата, инфраструктурата, образованието и хигиената во општината. Големата ангажираност на Мој општинар и соработката со ЈП Комуналец сведочат за активностите на терен и решавањето на проблемите. Некои проблеми се мали но значајни и се обидуваме да ги решаваме во континуитет. За некои проблеми е потребно подолго време, но и тука не заостануваме со реализирање на решенијата.

Изминатите месеци реализиравме многу проекти а комуналната зградба е на едно високо ниво со голем интензитет на работа.

Во овој период се подготвуваат програмите за престојната 2019 година. Заедно со службите се обидуваме да воспоставиме еден ред на приоритетни проблеми, да подготвиме програма која ќе ги опфати сите делови од Општина Кавадарци.

Наредниот месец ќе бидеме сведоци на сумирани бројки и приказ на сите реализирани помали и поголеми проекти во изминатите месеци.

Веќе се најавени и отпочнати големи проекти кои се од големо значење за Општина Кавадарци и кои се предвидени да се завршат во наредната 2019 година.

Постојаното комуницирање со граѓаните преку приемните денови и преку посетите на градските и приградските заедници ни дава една појасна слика за сите проблеми, критики и пофалби од страна на граѓаните. Овие средби продолжуваат и во иднина се со цел да се доближи општината до граѓаните и да имаме ефикасно и брзо работење.

Заедно сме сведоци на тоа дека Кавадарци се движи кон исполнување на мотот Кавадарци на прво место.

Со почит,
Градоначалник
**М-р Митко Јанчев**

# ТЕКОВНИ РАБОТИ



## ПРОЕКТ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦИ И БУЛЕВАРИ

Општина Кавадарци преку проектот МСПИ - проект за подобрување на општинските услуги, денес потпиша договор за реализација на проект за реконструкција на улици и булевари во Општина Кавадарци.

Со овој проект ќе се реконструираат улиците: "Мито Хаџи-Василев Јасмин", "7ми Септември", "Никола Минчев", "Булевар Моша Пијаде", "Цветан Димов", "Пано Мударов", "Цано Поп-Ристов", "Страшо Пинџур" и "Северен Булевар". Со овој проект значително ќе се подобри патната инфраструктура во централното градско подрачје.

## НОВ АСФАЛТ НА УЛ. "ШИШКА"

Општина Кавадарци поставува нов слој асфалт на улицата „Шишка" на делница во должина од 400 метри. Санацијата на оштетениот асфалт на оваа значајна регионална улица се одвива на потегот од раскрсницата кај ДТВ „Партизан" до пешачкиот мост кај Основен суд Кавадарци.

Асфалтирањето се изведува на површина од 1440м2, каде претходно беа отстранети најголемите оштетувања. Таму сега се поставува нов слој асфалт. Со овој проек општината обезбедува пододри и побезбедни услови за одвивање на сообраќајот.





## ОСВЕТЛУВАЊЕ НА СЦ ЈАСМИН

Општина Кавадарци го реализира проектот за подобрување на Јавното осветлување на теренот и атлетската патека на Спортскиот центар „Јасмин". Општината во рамките на овој проект изврши целосна замена на подземната нисконапонска мрежа на постојните 14 столбови поставени околу атлетската патека. На овие столбови ќе се монтираат нови ЛЕД светилки (двојна лира) со што ќе се подобри осветлувањето на патеката. Како дополнување на моќноста на јавното осветлување на источната и западната страна на теренот се поставуваат 6 нови столбови по три од секоја страна. Столбовите се високи 12 метри, а на секој од нив ќе биде поставен рефлектор со моќност од 1KW. Дополнителното осветлување со кое во многу ќе се подобри видливоста во ноќните часови е донација од фирмата „Матал Апостолов".

## НОВИ ФАСАДИ НА УЛ. "ИЛИНДЕНСКА"

Општина Кавадарци во соработка со дуќанџиите и поголем дел од фирмите кои имаат деловен простор во БИД зоната на улицата „Илинденска" реализираше проект за освежување на фасадите на три згради. Според проектот се работеше на крпење и бојадисување на фасадите на три згради .





## САНИРАЊЕ НА ШАХТИ

Општина Кавадарци преку Јавното претпријатие„Комуналец" деновиве засилено работи на рехабилитација на шахтите по кавадаречките улици.

Станува збор за редовна активност на комуналното претпријатие, која деновиве се изведува по интензивно. Целта е да се санираат сите оштетени шахти и да се израмнат со нивото на асфалтот од коловозите. Со овој зафат како трајно решение ќе се рехабилитираат шахтите и ќе се отстранаи опасностите од нив како ударни дупки при одвивањето на сообраќајот по градските улици.



## ОГРАДУВАЊЕ НА КОШАРКАРСКИ ТЕРЕН

Деновиве фирмата„3Д Горан" преку својата оператива работи на реализацијата на комуналниот проект за оградување на кошаркарскиот терен зад зградите на булеваротt„Кочо Рацин". Станува збор за проект на општина Кавадарци согласно кој кошаркарското игралиште ќе биде оградено и оспособено за рекреација на жителите пред се младите од оваа урбана населба. Со овој проект општината продолжува со уредувањето на просторот, од каде претходно беа отстранети лимените гаражи, потоа се прошири и асфалтира паркингот, а се изврши и хорти културно уредување на запуштените зелени површини. Оградувањето на теренот за улична кошарка е продолжение на проектот на општината за урбано уредување на овој простор наменет за одмор и рекрација на граѓаните.



## ПОПЛОЧУВАЊЕ ВО С.ЧЕМЕРСКО

Општина Кавадарци во рамките на програмата за комунална изградба реализира проекти и во месните заедници низ селата. Оперативата на фирмата„Павер трејд" работи на поплочување улица во селто Чемесрко. Станува збор за пристапна улица каде на површина од 250м2 се поставуваат бехатон плочки. Овој комунален проект општината го реализира на барање на жителите од селото во непосредна близина на поранешното селско училиште, а во соработка со Месната заедница.

## ТУРИСТИЧКО – ИНФОРМАТИВНО БИРО НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ





Градоначалникот на Кавадарци м-р Митко Јанчев го предаде во употреба Информативно туристичкото биро на улица„7 Септември", кое се наоѓа на плоштадот веднаш до бистата на Никола Бадев. Сите гости на Кавадарци имаат место каде можат да ги добијат потребните информации за пријатен претстој во градот на грозјето и виното. Општината го отвори ова биро со цел туристите полесно да дојдат до информации како да ги запознаат сите богатства и убавини кои ги имаат градот и Тиквешијата Градоначалникот на Кавадарци, Митко Јанчев кој официјално денеска го пушти во работа туристичко-информативното биро нагласи: „Промовирање на винскиот туризам и на другите природни убавини на Општината и регионот е целта на ова туристичко информативно биро. Имаме програма по која ќе работи бирото. Настојуваме да привлекуваме туристи на дневна основа. И еден турист дневно е добро" вели градоначалникот Јанчев. Ќе имаме евиденција и ќе правиме план и програма да привлечеме туристи во Кавадаречка Општина. Производството на грозје и вино ќе ни биде таргет, но овде се и природните убавини на: Моклиште Витачево, Тиквешко езеро, старите цркви кои привлекуваат внимание" додаде Јанчев при предавањето во работа на Туристичко информативното биро.



## ДОИЗГРАДБА НА ПАТОТ ДО МАНАСТИРОТ СВ.НИКОЛА ВО МОКЛИШТЕ

Општина Кавадарци во соработка со фирмите донатори „Ас машини„ и „Градба промет" реализираше проект за доизградба на пристапниот пат кон манастирот „св. Никола" во Моклиште.
Се работи за поплочување на преостаната делница од брегот на реката до спојот со постојниот поплочен пат.

## ВО ИЗГРАДБА Е НОВ МОСТ ВО С.ВАТАША

Со изградбата на овој мост ќе се овозможи побезбеден сообраќај и побезбедно движење на пешаците. Овој проект е од големо значење како за с.Ваташа така и за Општина Кавадарци. Мостот се гради со голема поддршка од Јавното претпријатие за државни патишта. Вредноста на инвестицијата е 480 илјади евра, обезбедени од буџетот на ЈП за државни патишта. Новиот мост треба да биде готов до февруари идната година.





## СЕ АСФАЛТИРА УЛИЦАТА „ДОНЕ ПОПОВ"

Според проектот на општината, на оваа улица се врши реконструкција на површина од околу 1500м2. Претходно на делницата на оваа улица од спојот со ул. „Шишка" во правец на населбата „Голи Оток" беше отстранета гранитната коцка, а површината се подготви за асфалтирање.

Проектот за ревитализација на улицата „Доне Попов" општината го изготви на барање на жителите преку Урбаната заедница „Страшо Пинџур".

Асфалтирањето на оваа улица во многу ќе го олесни сообраќајот и движењето по улицата низ која транзитираат значаен број на автомобили и пешаци од локалното население.







## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПЛОШТАДОТ ВО КАВАДАРЦИ

Моменталната состојба на плоштадот во градот Кавадарци ги задоволува потребите на граѓаните, но има многу голем потенцијал кој не е искористен.

Затоа со минимални корекции плоштадот може да стане поквалитетен простор со многу подобра атмосфера.

Постоечките фонтаната и амфитеатар како дел од плоштадот кој не функционира со намената за која е предвиден се отстранува и се заменува со еден мини парк кој има голем процент на зеленило и клупи за одмор и социјализација на граѓаните. Мини паркот се наоѓа на иста висинска кота со плоштадот и до него се пристапува од северната и јужната страна. Делот за движење би бил бетониран и декориран со ленти од кулир пласт, а останатиот дел би бил исполнет со трева, цвеќе и дрва.

Останатиот дел од плоштадот се збогатува со зеленило со што се користи постојната шема на поплочување. Дел од поплочените краци кои не го попречуваат движењето и пристапот до важните точки на плоштадот се заменуваат со трева во кои се предвидува да се засади ниско зеленило-трева и високо - дрва од типот јавор со зелен лист кои би биле оградени со ниски рабници. Овие нови зелени краци заедно со постојното средно зеленило би го опкружиле слободниот простор за собир на поголема маса на луѓе при одржување на манифестации како Тиквешки гроздобер, Св. Трифун, Нова Година и слично. Клупите се поставени непосредно до зеленилото за да може да им служат на граѓаните и во топлите летни денови и да им понудат сенка за пријатен одмор. Осветлувањето на плоштадот се подобрува со поставување на канделабри кои најмногу би го осветлувале просторот за манифестации и просторот за седење. Дополнителна урбана опрема која се поставува за подобрување на квалитетот на просторот се нови корпи за отпадоци за почист плоштад.

Клупите за седење и корпите за отпадоци како урбана опрема со модерен дизајн би го збогатиле просторот.

За дополнително освежување на просторот пред општинската зграда се предвидува поставување на бетонски жардинерии врз двете постоечки фонтани во кои би се засадило ползечко цвеќе. Бетонскитте делови на жардинериите би се подготвиле претходно, а на лице место само се поврзуваат со бетон.

Постоечкиот споменик останува на истото место, само се предвидува околу него да се постави еден вид на постамент од мермерни плочи за да се истакне како важен дел од градскиот плоштад, како и да служи за место за поставување цвеќе.

Во мал дел од плоштадот, поточно на северната страна од плоштадот, односно север-западно од објектот на хотел Балкан се предвидува прередување на плочниците поради замена на постоечките скалички со мали висини со еден вид на рампа со мал наклон, поради подобрување на сигурноста за движење во тој дел.







### ЗАПОЧНА РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА СЕВЕРЕН БУЛЕВАР

Започна реконструкцијата на Северен булевар од раскрсницата со Западен булевар до раскрсницата до ул.Никола Минчев, односно 450 метри. Во оваа фаза од реконструкцијата ќе се врши вадење на постоечкиот асфалт заедно со тампонскиот слој и вградување на геокомпозит за подобрување на постелица, тампонски слој од 40 cm. и нов асфалт во два слоја од 9 cm и 6 cm.

Исто така ќе се вгради нова дренажа за подобро одводнување на атмосферските води.

Вкупна квадратура на новата асфалтирања површина ќе изнесува 3400 квадрати.

Во наредната 2019 година ќе се прави и останатиот дел од булеварот.

Оваа делница е транзитна сообраќајница низ која секојдневно поминуваат голем број на возила. Оваа реконструкција е предвидено да заврши до крајот на декември месец оваа година.

# ОБРАЗОВАНИЕ

## УЧЕБНА 2018/2019 ГОДИНА

### Основно образование

Во новата 2018/2019 година вкупно во сите основни училишта се запишани 376 првачиња. Оваа бројка споредено со минатата година од 330 запишани првачиња покажува тренд на зголемување за 46. Деветто одделение се завршени вкупно 367 ученици што значи за 9 ученика повеќе се запишани од оние кои го завршиле основното образование.

Во сите училишта новата учебна година започна непречено, училиштата се материјално технички опремени, наставниот кадар е спремен за реализација на наставниот процес.

## СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ

Во средните училишта вкупно во прва година се запишани вкупно 381 ученик. Минатата година се запишале во сите три средни училишта вкупно 333 ученика што е показател на зголемен интерес за запишување во нашите средни училишта.

Вкупно ученици кои го завршиле средното образование во трите средни училишта се 375.

Од бројот на завршени ученици од деветто одделение 367 и бројот на запишани ученици 381 земајќи го во предвид фактот на запишаните ученици од нашите основни училишта во други средни училишта надвор од општината, може да се каже дека во средните училишта имаме запишано ученици од другите општини.

Советничка за образование
Зора В'чкова









## НОВА СПОРТСКА САЛА ВО ООУ "ТОДЕ ХАЏИ – ТЕФОВ"

Во Кавадарци беше пуштена во употреба новоизградена училишна спортска сала во Основното општинско училиште "Тоде Хаџи Тефов", 56 години по отварањето на оваа воспитно образовна установа.

Се работи за училиште со голема традиција на квалитетен наставен кадар и голем број на успешни ученици, рече директорот Никола Нешковски.

Појасни дека реновирани се и спортските терени, со што учениците имаат целосен комплекс за наставата по физичко и здравствено образование.

Во 21 век младите постојано се изложени на опасност од најразлични пороци кои се огромен проблем за градење на успешна иднина. Токму ваквите услови за развој на психофизичкиот развој преку спортот, се најдобра алатка за избегнување на пороци, нагласи Нешковски.

Градоначалник Митко Јанчев рече дека е штета што некои училишта се уште немаат спортски сали. Изрази надеж дека во наредниот период заедно со Министерството за образование и Агенцијата за млади и спорт, ќе се успее сите училишта во општината да добијат сали за спортски активности. Ќе се настојува исто така да се обезбедат и други слични објекти.

Општина Кавадарци е на прав правец, оваа година имаме запишано повеќе првачиња со десет проценти од претходната година,тоа е еден добар и мил податок, од душа да кажеме дека имаме поголем наталитет и поголем развој во општината. Исто така овие ученици кои имаат завршено деветто одделение кои ги запишуваат во средните училишта се исто така со поголем број, тоа значи дека и од другите соседни општини имаме запишано ученици овде, нагласи Јанчев.

# ТИКВЕШКИ ГРОЗДОБЕР 2018 КАВАДАРЦИ

*Приказна под отворено небо!*

Заврши уште еден Тиквешки гроздобер. Оваа година создадовме “Приказна под отворено небо“. Месеци наназад напорно се работеше на целата организација. Се договара настапи, се смислуваше сценарио за целата приказна, функционираше работилница каде се изработуваа карневалските маски. Многу труд, напорна работа и пред се многу љубов од кавадарчани за да се создаде оваа приказна која ќе се раскажува долго.

Во минатото сме сведоци на многу Тиквешки гроздобери. Од сите изминати години беа собрани сите успеси а грешките беа поправени. Кавадарци блесна во вистински сјај. Три дена се испишуваше една бајка на која кавадарчани се гордеат а гостите се чувствуваа одлично.

Целата приказна започна во духот на спортот. Меморијалниот турнир “Сестри Китеви“ традиционално и оваа година се одржа во СЦ Јасмин. Се одигра и ракометна пријателска утакмица помеѓу ГРК Тиквеш и ветерани на Ракометна репрезентација на Македонија. Стрит баскет турнирот проследен со забава привлече многу посетители и беше едно од најдобрите изданија досега. Традиционалното Мото – рели по повод Независноста на Република Македонија оваа година од Општина Кавадарци беше пречекано во добри услови и на моторџиите им беше приредена забава за време на престојот во нашата општина.

Велосипедистите предводени од Тиквешки Точкаџии во голем број пристигнаа на градскиот плоштад.









Оваа година манифестацијата беше и официјално отворена со промоција на книгата “Bouquet” од Душко Стефанов во Дом на култура. Оваа збирка на вински мисли го отвори Тиквешки гроздобер и само им даде мотив на посетителите за чаша повеќе добро вино.

По повод 7 ми септември , празникот на Општина Кавадарци се оддржа свечена седница на која беше доделена и наградата “7 ми Септември”.Советот на општина Кавадарци донесе одлука со која тројца кавадарчани го добиваат највисокото општинско признание, наградата „7 ми Септември". Кларинетистот Александар Ангелов од групата „Дрим тим", флејтистот Страшо Темков и професорот по физичко воспитување Димитар Пецов се добитниците на наградата „7 ми Септември".

За прв пат во Кавадарци оваа година се организирашр трка со келнери и подготовка на коктели со вино. Овие настани како новитет на Тиквешки гроздобер имаат потенцијал да станат традиционални настани со уште поголема посетеност.

Бевме сведоци и на најмасовната изложба на олд тајмери оваа година со многу посетители и учесници.

Полицајското паркче беше локација на која 3 дена се свиреше македонска староградска музика и гостите уживаа во добро вино и добра храна. Овде се одржа и традиционалната таблијада.

















Последниот, 3 ти ден од Тиквешки гроздобер беше резервиран за традиционалното карневалско дефиле.

Оваа година со над 720 учесници , иновативни и креативни маски изработени со поддршка од Општина Кавадарци.

Фестивалот заврши со настап на големата балканска музичка ѕвезда Цеца и спектакуларен огномет.

Градоначалникот г-дин Митко Јанчев на организиран и свечен прием ги пречека делегациите од збратимените и пријателски општини како и високи функционери од Република Македонија како и амбасадори на други држави во Република Македонија. На свечените приеми беше презентирано вино и традиционална кавадаречка храна подготвена од грозје.

Оваа година според статистиките Општина Кавадарци за време на Тиквешкиот гроздобер имаше над 60 000 посетители, се испи над 20 000 литри вино а во поддршка за организацијата даде голем дел од бизнис секторот.

По завршувањето на Тиквешки гроздобер Градоначалникот г-дин Митко Јанчев им додели благодарници на сите учесници и поддржувачи на манифестацијата.

Наредната година се надеваме дека повторно ќе бидеме сведоци на уште едно добро организирано издание на Тиквешки гроздобер и ќе создадеме уште една **“Приказна под отворено небо“**.













**ПРОМОЦИЈА НА ФОТОМОНОГРАФИЈА "РИЗНИЦА НА ЛИКОВНИ ДЕЛА"**

По повод ослободувањето на град Кавадарци, независноста на нашата држава и манифестацијата ``Тиквешки гроздобер``, Локален Музеј – галерија, Кавадарци во соработка со Градоначалникот и Советот на Општина Кавадарци и Министерството за култура на РМ, на 07.09.2018 год. во галерискиот простор на Музеј-галерија - Кавадарци отвори изложба, а воедно и промоција на фотомонографија "Ризница на ликовни дела" прва од ваков вид. На изложбата пред многубројната публика беа презентирани околу 50-тина дела што е само дел од сите дела кои се опфатени во фотомонографијата.

Во оваа монографија се презентирани комплетно ликовните дела во сопственост на Музеј-галеријата а меѓу нив има и дела на врвните македонски ликовни дејци како Петар Мазев, Глигор Чемерски, Љубомир Белогаски, Симон Шемов, Ана Темкова, Никола Баснарков и др. На 150 страни и колор фотографии опфатени се 77 автори со 154 дела во разни техники, материјали, правци и временски период.

Автори на фотомонографијата се Весна Ѓорѓиева – виш кустос, историчар на уметност и археолог и Трајче Цветков кустос - историчар на уметност и археолог од Музеј-галерија, Кавадарци. Промотор, а воедно и отворач на истата беше м-р Зорица В`чкова – советник за образование при општина Кавадарци.
















**БАЛКАНСКО ПРВЕНСТВО ВО ЏУДО ЗА СЕНИОРИ И СЕНИОРКИ**

Во Општина Кавадарци се одржа Балканско првенство во џудо за сениори и сениорки. Од 30.08. до 02.09. кавадарчани беа домаќини на ова престижно првенство. Во организација на Џудо федерацијата на Македонија а технички организатор Џудо клубот Кожувчанка од Кавадарци. Првенството се одржа во СЦ Јасмин. На ова Балканско првенство учество земаа околу 110 џудисти од Балканот каде членуваат 11 држави Македонија, Црна Гора, Албанија, Србија, Грција, Бугарија, Кипар ,Романија, Турција, Босна И Херцеговина и Косово. Македонската репрезентација настапи со вкупно 22 џудисти во машка и женска конкуренција. Нашата репрезентација освои 11 медали во поединечна конкуренција и второ место во екипна конкуренција. Од Џудо клубот Кожувчанка настапија двајца џудисти, Миле Плачков во категорија до 66 кг и го освои петтото место и Благица Колева во категорија до 78 кг го освои третото место, бронзен медал и второ место, сребрен медал, во екипна конкуренција. Ова се први медали за кавадаречкиот клуб од едно вакво големо натпреварување. Благица Колева е првиот најмлад учесник на Македонската репрезентација која со неполни 16 години освојува медал. Ова Балканско првенство во Македонија се одржува по шестти пат а третти пат се одржува во Кавадарци под покровителство на компанијата Кожувчанка.






**БАЛКАНСКИ ШАМПИОНАТ ВО ДРУМСКИ ВЕЛОСИПЕДИЗАМ**

Балканското првенство е натпревар кој е од високо квалитетен ранг, победникот по категорија се стекнува со титула Балкански шампион, поради квалитетот на трките ова е посакувана титула на овие простори.
Велосипедската федерација на Македонија по втор пат од своето постоење (1947 година) е домаќин на Балкански шампионат во друмски велосипедизам, ова е манифестација која ќе остави трајно обележје за велосипедскиот спорт во Македонија.

Во минатиот период ВФМ е организатор на повеќе меѓународни натпревари и Балкански првенства во планински велосипедизам.

Балканските првенства се организираат од страна на сите земји членки по принцип на ротирање на организаторот, Македонија последен пат беше домаќин на друмско првенство во 2008 година на Балканскиот шампионат Битола 2008.

Оваа трка е најпрестижна трка во Македонија на која учествуваат докажани такмичари учесници на Светски и Европски првенства и Олимпијади.
Успешната организација на шампионатот во Битола е главна причина за добрата поставеност на ВФМ во Балканската федерација, обврската на ВФМ за добра организација е остварлива и препорака за организација на поквалитетни натпревари.

Велосипедската федерација на Македонија по добивање на апликацијата за одржување на Балканското првенство во друмски велосипедизам, пристапи со респект, се со цел да ја прeстави нашата држава и Општина Кавадарци, а воедно и нашите спортисти во најдобро светло издание.



# ЛИЧНОСТ НА МЕСЕЦОТ

## БОРЧЕ СТАМЕНОВ

Борче Стаменов е роден на 03.09.1977 година во Кавадарци. Мал дел од своето детство го поминува во Росоман. Пораснат е во семејство каде пред сè се почитуваат семејните и човечките вредности. Особини кои го следат речиси цел живот. Основното училиште го започна во ООУ "Тоде Хаџи Тефов", а го продолжи и заврши во ООУ "Тошо Велков Пепето". Желба му беше да стане полицаец и уште верува дека непотизмот му го руши тој сон, па завршува на струка електро-техничар. Веднаш потоа заминува на отслужување на воен рок во касарната Илинден во Скопје. Макар бројните опонирани мислења, тој тоа го квалификува како прекрасно искуство, исполнето со ред, работа и дисциплина. Како бесплатно школо кое те учи како да се стане подобар човек. По враќањето, родителите продолжуваат да ги прецизираат вредностите и успеваат да му помогнат да влезе во професионалниот свет. Првото работно искуство му е во локална фабрика за прозводство на сокови и кондитодрска роба "Оаза". Напорна, но и забавна работа, по неговите кажувања. Второто искуство му е во комбинатот "Тиквеш", како сезонски работник. И таму, тежината на работата е добро позната меѓу луѓето што ја искусиле. Третото - во интернет клубот "Бидат". Од таму започнува и неговата приказна. По кратко работење таму е префрлен на неговото денешно работно место, во фирмата "Бидат Информатика", на позиција "сервисер на компјутери и фискални апарати". Некаде во тој период одлучува да се запише на факултет, но поради здравствени проблеми не го завршува. Болеста која ненадејно се декларира го сопира во намерата. Потребно му е доста време да се врати во колосек од шокот и стресот предизвикани од истата. И без високо образование доста добро се снаоѓа во предизвиците кои му беа дадени на одговорност. Има некоја чудна способност да се прилагодува и многу брзо да ги совладува задачите кои му се доверени. Веројатно тоа и го носи овде, каде што е денес. Пред две години самоницијативно започнува акција која трае и ден денешен. Во фирмата честопати клиентите оставаат компјутери кои веќе не ги користат. Фирмите кои ја обновуваат опремата исто така оставаат тоа шо не им е потребно. Во тоа, Борче виде шанса која може да ја искористи за да го подобри животот на оние кои, ете, немале толку среќа. Почнува да донира откако една самохрана мајка му се обрати за помош. Жена, сама, со своите две деца. И тие како и секое дете посакувале да имаат дома компјутер, а условите во кои растеа едноставно тоа не им го дозволуваа. Тоа е првата донација. Следен чекор, но и предизвик му беше да разгласи дека такво нешто постои. Нормално, наједноставен и најефикасен начин беа социјалните мрежи. Отвора фан страна која ја нарекува "ДонирајКомпјутер". Благодарение на споделувањата од страна на неговите пријатели, за кратко време страната има солидна посетеност. Веќе во првите месеци има околу 50 барања за донации преку разни канали. Некои се јавуваат лично, дел од нив преку роднини. Денес, е горд на тоа што тој лично, но и неговите сограѓани, како и луѓе ширум државата се заслужни за бројни насмевки кои се цртаат на лицата на деца и млади во Македонија. Речиси и нема град каде акцијата не "замешала прсти". "Мометнатлно има околу 55 донирани компјутери. Во припрема се уште три. "ДонирајКомпјутер" ќе постои сè додека има интерес за донации. На општество како нашето и те како му се потребни луѓе кои помагаат без да бараат ништо назад. Тоа сме ние. Правиме нешто од ништо." - вели Борче.

# СО СРЦЕ ЗА ТОШЕ







Дека ние кавадарчани знаеме да ги цениме и почитуваме вистинските човечки вредности сме покажувале многу пати до сега. Последниот пример дека тоа е така е примерот на четворицата наши кавадаречки јунаци: Драган Јованов, Тони Стефанов – Рора, Марјан Хаџи – Мустафов и Ѓоке Белевски сите членови на „Тиквешки Точакџии" кои направија еден несекојдневен подвиг со акцијата „ОД СРЦЕ ЗА ТОШЕ" кога од местото каде е загинат еден од најголемите Македонци од нашата понова историја Тоше Проески, Нова Градишка во Хрватска поминаа 920 километри со велосипеди до родното место на Македонската но и Балканска ѕвезда, Крушево. Поминуваа од 120 до 150 километри дневно, тргнаа на 19 септември од Нова Градишка а во Крушево во спомен куќата на Тоше стигнаа на 27ми септември, положувајќи свежо цвеќе во вечниот дом на Тоше а ја завршија својата мисија во домот кај Тоше, пречекани од неговите родители кои му изразиле огромна благодарност на нашите кавадаречки херои. Секаде пречекани со раширени раце и отворени срца, многу емотивни средби со фанови на Тоше во Хрватска, Србија и Македонија, споделени искуства, спомени за Тоше но и многу солзи од болката за прераната смрт на Тошка на иљадниците кои ги среќавале по пат. Покриеност на настанот од неколку весници и интернет портали од Хрватска и Србија, интервју на локалната телевизија од Нова Градишка, приеми кај челниците на градот, со една реченица: исполнување на идејата од пред неколку години и поставување цврсти темели „ОД СРЦЕ ЗА ТОШЕ" да прерасне во традиција...

За цело ова да се реализира им благодариме на следните помагатели:
Градоначалник на Општина Кавадарци г-дин Митко Јанчев, "Кожувчанка" , "ИНЕЛ –Интернационал„ , "ВС – ГД" , "Анел Маг" , "КИМ"- Неготино , "Рамот ЛТД" – Белград , "Сава" Осигурување , "Бајк Сервис" , "Тиквешки Точакџии" , Златко Мишковски од Скопје , Управата на градот Нова Градишка и Б. К. "ПСУЊ" Од Нова Градишка и на медиумскиот покровител РТК – Кавадарци.

**Диме Коцевски**

# ГРАДСКИ МУАБЕТИ

Се обра тукуречи цело грозје од Кавдаречкиот атар, бериќетна ваа година ама само на род бериќетна, за исплата на грозјето допрва ќе видиме дали ќе е бериќетна. Цената како и обично, ниска. Рееетко кој плаќа на рака, или "на меѓата" како порано шо се плаќало, со една реченица: исто ѓоа лани, ѓоа оломнани и така години наназад...

Почна а богами и заврши правењето на зимницата, една од најстарите и најпочитувани дисциплини у кавдаречките фамилии. Домаќинките од ки првата недела на септември засукуат ракавите и го курдисуат ритуалот: мармалад, џем, сос од патлиџани со семки, без семки, печи гмечи, обарени чушки, зелка у расол, сите видови на зеленчук у расол, лутица, пинџур и зимаш топол леб и параџок сирење и макаш од бак'рната тава...

Почнаа и казаните да чурат, значи почна да се варе комињето шо сме го оставиле за дома (а го има нооооогу) и да се прае најубавата ракија у светот и пошироко. Не постое кавдарчанец шо држе до својта репутација шо нема да рече дека неговата ракија е најубава, најпиФка, без вештачки бои и најважното, дека од неа утрето не боле главата. Искрено мојот омилен дел од годината (туа некаде се со зимскиот период, ама само ка има снег) кога секогаш ми навират спомените кога со дедо на покриената казарница вареме ракија, печеме коштани, компири и кубаски на жарот од казанот, па како дедо а пробуеше за да виде дали и е доста, па ќе ставе у чашката и ќе а ударе од раката да го виде "синџирот" а снег до нас до половинта... Морам да прекинам оти ми се нас'зиа очите!!!

За "ТИКВЕШКИОТ ГРОЗДОБЕР" нема да пишам оти у воа издание на информаторот ќе има напишано ајле за него, само ќе кажам две работи: 1. Подобро организиран Тиквешки Гроздобер не сме имале 100 години (со букви СТО). 2. Ка шо предвидов у ноа мое претходно излагање, имаше и такви кои маваа со дрва и камења на организацијата ама тиа ќе мават со дрва и камења и они сами да го организират, оти тоа се од ниа дежурните хејтери кои до 12 саатот цел свет го хејтат а пос 12 и самите себе не се поднесуат ногу...

П. С. ГФК Тиквеш сеа за сеа е горе на табелта, и "ЛОЗАРИ" Исток се вратија на трибините...

П.П.С. Театарскиот Хит "Ужасите Предизвикани Од Пасивно Пушење" најверојатно ќе оде на фестивал у Србија, ама за тоа у следниот број...

**Диме Коцевски**

Општинско јавно гласило
**КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР**
**Издавач:** Општина Кавадарци - Локална самоуправа
**Уредник:** Сузана Шалева
**Дизајн:** Иноватива Груп
**Печати:** печатница ГРАФО ПРОМ Битола
**Насловна фотографија:** Александар Бинов
**Фотографи:** Мартин Димов, Ристе Стамаџиев, Диме Стаменов
Тираж 500 броја
**Бесплатен примерок**

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ул. М. Тито 66, 1430 Кавадарци, Р. Македонија
kavadarci.gov.mk